Висината на банкарската гаранција за навремено и квалитететно извршување на договорот изнесува 5% од вредноста на Договорот.

Гаранцијата се наплаќа во следниот случај: доколку носителот на набавката не го почитува договорениот квалитет и рок за испорака на медицински потрошен материјали (предмет на овој договор).

Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот му се враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Носителот на набавката фактурира месечно, а Договорниот орган плаќа месечно одложено во рок од 90 дена сметано од приемот на фактурата во архивата на договорниот орган, со приложена испратница за испорачаната стока уредно потпишана од овластени претставници на двете договорни страни.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 9

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Македонија.

Член 10

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје .

## XI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Доколку Договорот се раскине пред истекот на рокот определен во член 5 од овој Договор по вина на Носителот на набавка, Договорниот орган веднаш ќе ја реализира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување која Понудувачот ја доставил и ќе објави негативна референца во ЕСЈН.